На планината се среќаваат поголем број значајни растенија, од кои најпознати се петтоигли-честиот бор – молика, албанскиот и портокаловиот крин, Јабланичкиот каранфил и други.



петтоигличестиот бор - молика

Поради сите овие вредности, неодамна е предложено планината Јабланица да биде прогласена за нов национален парк во нашата земја.
Национален парк претставува претежно непроменето подрачје кое има особени природни вредности и служи за зачувување на природното, културното и духовното богатство на тоа подрачје. Во националниот парк е забрането да се вршат активности кои ја загрозуваат природата како интензивно сечење на дрва, палење на оган, лов на дивеч и сл.
Но, локалното население сепак ќе може да се занимава со традиционално земјоделство и туризам на начин кој не ја загрозува природата и не ги доведува во прашање опстанокот и природната рамнотежа на растителните и животинските видови во националниот парк.





портокалов крин





BfN
Bundesamt für Naturschutz

euronatur

Local development Agency Struga

# Јабланица

нов национален парк

Локална Агенција за Развој - Струга

# Јабланица

планина која треба да ја сочуваме!



Планината Јабланица се наоѓа во југо-западниот дел на Република Македонија. Нејзината должина е 34 км. Има неколку планински врвови кои се повисоки од 2000 метри, од кои највисок е Црн Камен (2257 метри надморска височина), а нај убав Стрижек (2233 метри надморска височина).



На Јабланица има четири поголеми глацијални (ледникчи) езера и исто толку помали непостојани локви. Најголемо е Подгоречкото езеро, па следи Вевчанското кое е и најубаво, а Горното и Долното Лабунишко езеро се најмали и нивната длабочина е непостојана и варира во текот на годината. Овие езера се живеалишта на многу ретки и загрозени растителни и животински видови.



Ретко раче кое живее во Вевчанско Езеро





Геолошки, планината е составена од варовнички и силикатни масиви. Релјефот е многу сложен заради бројните влијанија во текот на геолошката еволуција.

Планината Јабланица се одликува со голема биолошка разновидност што се должи на нејзината специфична географска положба, климатските, хидрографските и други карактеристики, како и промените кои се случувале во изминатите геолошки периоди. Таа изобилува со многу ретки и ендемични растенија, габи и животни.

Од животинскиот свет тука се среќаваат сите крупни ѕверови распространети на Балканот: мечката, волкот и рисот. Покрај нив на Јабланица има срни, диви кози, диви мачки и многу други раситни животни.

Исто така, застапени се и бројни ретки и ендемични видови на инсекти, пајаци и полжави.





